60192/A

ВЕСТ ВТОРНИК 6 НОЕМВРИ 2007 , 22 14, 17

БИВШАТА ПОМОШНИЧКА ЗА КУЛТУРА

# Елиза Шулевска стана директорка на МСУ

Елиза Шулевска стана директорка на Музејот на современа уметност во Скопје. Таа од денес ќе ќе дојде на своето ново работно место.



Шулевска во '80-тите години беше ангажирана во Македонскиот народен театар како шеф на маркетингот, во времето на директорувањето на Љупчо Петрушевски, а оттаму си отиде во 1998 година кога на власт дојде ВМРО-ДПМНЕ, а министер за култура стана Димитар Димитров. Беше именувана за помошник-министер за култура како кадар на ДА.

Во културата Шулевска се врати во Драмски театар, ангажирана од директорот Бранко Ѓорчев како соработник за односи со јавност и меѓународна соработка, од каде што и ја презема директорската функција во МСУ. **(Ц.З.)**